Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

# Извадок на дел од дневни настани 07.01.2021

На 07.01.2021 во 03.20 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода В.В.(24) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.01.2021 во 22.15 часот на подрачјето на Драчево, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода И.С.(33), М.Ј.(27), К.С.(28) и А.Д.(37) сите од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

Полициски службеници од СВР Скопје на 06.01.2021 ги приведоа А.К. (28) и М.К. (28) од Скопје кои истиот ден во 17.50 часот извршиле тешка кражба во куќа на бул Партизански одреди. Веднаш по добиената пријава, преземени се мерки и активности и сторителите се приведени и по документирање на случајот против нив ќе биде поднесена содветна пријава.

На 06.01.2021 во 14.40 часот во Полициската станица Велес, Ј.Ј.(38) од Велес пријавил дека на ул.„Н.Бутникошарева" во Велес бил каснат од куче скитник.

На 06.01.2021 во 14.15 часот во СВР Тетово, Б.И.(38) од Тетово пријавил дека во Тетово бил каснат од куче скитник.

На 06.01.2021 во 17:15 часот во Скопје полициски службеници од Секторот за меѓународна соработка -Отсек за потрага врз основа на издадена потерница од Основен суд -Скопје 1 го привеле И.Б. (38) од Скопје, кој се барал за издржување на казна затвор од пет години вв чл.215 ст.1 од КЗ на РСМ. Лицето ќе биде предадено на казнено поправна установа.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (06.01.) продолжи со акциски контроли во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 149 мерки, од кои 15 за управување со брзина поголема од дозволената, 24 мерки за возење без возачка дозвола, 19 за нерегистрирани и технички неисправни возила, три санкции за управување под дејство на алкохол, 11 за користење на мобилен телефон, две за непрописно престигнување и обиколување и пет мерки за поминување на затворен семафор (црвено светло). Засилените сообраќајни контроли продолжуваат и во наредните денови. Апелираме до граѓаните да ги почитуваат сообраќајните правила и прописи за да ја зголемиме безбедноста во сообраќајот.

На 06.01.2021 во 17,20 часот на магистралниот пат Куманово – Крива Паланка на место викано„Ливади", патничко моторно возило„цитроен берлинго" со кумановски регистарски ознаки, управувано од Љ.М.(66) одКуманово, удрило во Б.М.(79) од Куманово. По незгодата Б.М. била пренесена во Ургентен центар Куманово каде и била констатирана тешка телесна повреда по што во Комплекс клиники„Мајка Тереза" во 23,30 часот починала. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Куманово.

На 06.01.2021 околу 18.00 часот, кај месноста „Суво поле" во близина на струшкото село Велешта, од слобода е лишен О.К.(25) од Дебар. Лицето е приведено врз основа на наредба од Казнено поправната установа затвор Струга.

На 07.01.2021 во 00.30 часот во СВР Скопје, Н.П.(37) од Скопје пријавил дека на 06.01.2021 околу 23.20 часот во парк пред студенски дом на подрачје на Карпош, бил физички нападнат од С.П., кој му одземал и пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.01.2021 во 17.20 часот, во Полициска станица Карпош, Б.В.(19) од Скопје пријавил дека на 05.01.2021 околу 17.20 часот, пред угостителски објект на подрачје на Карпош бил нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.01.2021 во 16,25 часот во СВР Скопје, М.Н.(63) од с.Стајковци пријавил дека околу 16.00 часот на пазарче „Ченто" на подрачје на Гази Баба по претходна расправија бил физички нападнат од А.С.(40) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗППЈРМ.

На 05.01.2021 во 15.20 часот во СВР Скопје, С.Т. пријавил дека неговиот син Р.Ќ.(18) од с.Бојане,скопско, при извршување на работни задачи во магацин во с.Сарај се здобил со повреди и бил пренесен во Градската општа болница„8 Септември" каде од доктор му се констатирани тешки телесни повреди. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.01.2021 околу 18.45 во Полициска станица Радовиш, С.А.(26) од Радовиш пријавил дека пред банка во Радовиш бил физички нападнат од И.Т.(37) од Радовиш. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.01.2021 во 14.10 часот во СВР Тетово било пријавено дека во приватна болница „Систина" на 05.01.2021 донесено е повредено лице од огнено оружје. Според пријавата, на 05.01.2021 околу 15.30 часот во помошен објект во атар на с.Врапчиште, 16 годишен малолетник од с.Врапчиште ракувајќи со воздушна пушка со еден истрел погодил друг малолетник од с.Врапчиште. По настанот повредениот е префрлен во приватна болница „Систина" во Скопје за укажување на лекарска помош. Извршен е увид и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.01.2021 во 19.55 часот во СВР Скопје било пријавено дека во близина на бензинската пумпа на подрачје на Гази Баба има едно повредено лице. Подоцна била добиена информација дека со патничко моторно возило „ауди" со скопски регистарски ознаки, С.И.(33) од с.Сингелиќ бил донесен повреден со остар предмет во Градската општа болница„Наум Охридски" за укажување на лекарска помош. Додека од местото на настанот, во Комплекс клиники„Мајка Тереза" бил пренесен Е.Е.(31) од с.Арачиново, со прострелна рана и од доктор му се констатирани тешки телесни повреди. На местото на настанот обезбедени се патничко моторно возило„сеат" со скопски регистарски ознаки, патничко моторно возило„голф" со скопски регистарски ознаки, чаури и остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет